**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љупчо Јованов**
**именуван за подрачјето на**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Цано Поп Ристов бр.44/4**
**тел. 043-417-010**
**ljupcoizv@yahoo.com**

**И.бр. 1256/2025**

Извршителот Љупчо Јованов од Кавадарци, врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул.Васил Иљоски бр.3, засновано на извршната исправа ОДУ бр.247/21 од 16.08.2021 година на Нотар Љубинка Јаковлева од Кавадарци, против заложниот должник Ристо Јанчев од Кавадарци со живеалиште на ул.Вељко Влаховиќ бр.7/8/17, за спроведување на извршување во вредност 736.822,00 денари на ден 25.03.2026 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА **прва продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
**-КП бр.10738 дел 0** адреса В.Влаховиќ бр.на зграда/друг објект 1 намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем ЗГРАДИ ВО ОСТАНАТО СТОПАНСТВО влез 006 кат ПР број 000 во површина од 24m2, запишана во лист В од Имотен лист бр.15792 за КО Кавадарци при Одделение за катастар на недвижности Кавадарци, сопственост на заложниот должник Ристо Јанчев од Кавадарци со живеалиште на ул.Вељко Влаховиќ бр.7/8/17.

Продажбата ќе се одржи на ден **23.04.2026** година во **11.00** часот во просториите на канцеларија на Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци која се наоѓа на ул.Цано Поп Ристов бр.44/4.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок од 09.03.2026 година на извршителот Љупчо Јованов Кавадарци изнесува **24.136,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата**,** под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Во цената не се вклучени јавни давачки кои произлегуваат од продажбата на оваа недвижност и истите паѓаат на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари – хипотека во корист на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје, Налог за извршување И.бр.1256/2025 на Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижност.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на сметката на Извршителот Љупчо Јованов од Кавадарци со седиште на ул. Цано Поп Ристов бр.44/4, со сметка број **300040000185110**, даночен број 5011006105980 депонент на Комерцијална Банка АД Скопје најдоцна еден ( 1 ) ден пред продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љупчо Јованов**